И0071

ПУЛС, СКОПЈЕ, 23.VII.93, 131, 34.

## Изложби

# Графички фантазии на Димче Николов



Еден од постојните „консументи“ на љубљанската ликовна публика е битолчанецот Димче Николов (40). Тој припаѓа на графичарите кои, на некој начин, се вклопуваат во словеначките критериуми за светски ликовен имиџ и оттаму тој е чест гостин на знаменитото Љубљанско биенале.

Овогодишниот избор (1979 - 91) впечатливо го наметнува неговиот висок професионализам, смислата за избирливост и смисленото проткајување на моделите од било која графичка продукција. Оттука, кај него се насираат афинитетите и за некои одлики на јапонската графика од крајот на седумдесеттите години - култивирана фактура и смисла да се евоцира материјалноста на мотивите.

Основата на графичкото творештво на Николов е неговата проницлчива визуелна свест и фантазија - со нив тој успева да ја согледа пластилноста на мотивите. Меѓутоа, на овој уметник му е туѓо секое друго, неликовно определување, од идеолошки или тематски карактер.

Така е настанат неговиот специфичен стилски репертоар: тој настојува од мали, неугледни детали, некакви „%визуелни отпадоци“, да обликува свои поетски констелации. Така се добиваат атипични ликовни прикази, своевидни пластични вопштувања. Тоа е неуслиено проткајување на некогаш виденото и целосно обработениот материјал - анализиран разумски и емотивно, визуелно совладан...

Визуелната градба на Николов е дело на висока ликовна свест, на изграден начин на филтрирање на виденото низ ирационалното во неговото битие.

Б.П.

Канал 4
101 MHz FM
24 часа со шарм
091/239-009, 237-114